# ЗАПИСНИК
## од 4. седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 02 декември 2025 година (вторник)

Четвртата седница на Советот на Општина Карпош се одржа на 02 декември 2025 година (вторник), со почеток во 14.00 часот, во просториите на Општина Карпош.

Врз основа на евиденцијата, на почетокот Претседателот на Советот утврди дека на седницата присуствуваат 27 членови на Советот, според што Советот може да работи и полноправно да одлучува.

На седницата присуствуваа следните членови на Советот: Христо Саракинов, Адријана Јакимовска Панчевска, Благица Цветаноска, Давор Грче, Неделчо Крстевски, Елена Домика, Димитар Георгиевски,Филип Ивановскии, Ана Цветановска, Александар Петровски, Владимир Бислимовски, Вера Бужаровска, Радослав Трашановски, Милена Ристевска Илиоска, Славко Митевски, Дарко Ристовски, Катерина Илиева, Ивана Стоименовска, Зоран Краљевски, Добрила Андоновска, Горан Михајлов, Филип Филиповски, Татјана Чакулев, Татјана Стојановска, Љупчо Трипуноски и Јасмин Циривири.

На 4. седница на Советот присуствуваа раководители на сектори од Општината, со цел да ги образложат предложените акти, доколку за тоа се јави потреба.

Претседателот на Советот, согласно член 39 од Законот за локална самоуправа, член 16 од Статутот на Општина Карпош и член 59 од Деловникот на Советот на Општина Карпош ја отвори 4. седница на Советот на Општина Карпош по што се интонираше химната на Република Северна Македонија.

Претседателот пред да отвори расправа го повика Градоначалникот да се обрати.

Градоначалникот Сотир Лукровски се обрати кон сите присутни во насока на проблем кој го имаше едно од основните училишта а тоа е труење на одредени дечиња. Градоначалникот даде информации во однос на тоа до каде е истрагата какви мерки се превземени и ги презентираше сите добиени и потврдени информации со кои располага а се оденесуваат на самиот случај.

Се разви дискусија по однос на овој случај во која учествуваа советниците Добрила Андоновска, Славко Митевски и Татјана Стојановска со свои прашања но и свои забелешки и идеи се со цел подобро функционирање на самите училишта комплетна сигурност и заштита на истите, а целта да не се повторуваат вакви немили настани.

Претседателот отвори расправа  по предложениот дневен ред за работа на 4. седница на советот на Општина Карпош.

Претседателот посочи дека службите го известиле дека е направен превид во насловот на Решенијата за комисиите односно точка 2 точка, 3 и точка 4 ќе имаат промена во насловот на прописот и така дефинирани ќе се расправаат и разгледуваат на советот.

**2.ТОЧКА Од Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, се преименува во Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

Претседателот на гласање ја стави измената.
Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена измената.

**ТОЧКА 3 Од Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година, се преимени во Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

Претседателот на гласање ја стави измената
Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена измената.

**ТОЧКА 4 Од Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година. се преименува во Предлог-Решение за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година.**

Претседателот на гласање ја стави измената
Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоена измената.

Претседателот посочи дека од службите се предложуваат дополнителни 2 точки во дневниот ред истите ќе бидат образложени од службите за потребата од нивно гласање и како такви ке се стават на гласање за вметнување на дневниот ред за 4. седница на Советот на Општина Карпош.

Претседателот ги повика службите да дадат образложување по точките кои се предлагаат за додавање.

Од службите беше образложено по однос на материјалите и потребата за додавање на двете точки кои се предлагаат.

Претседателот ги стави на гласање предлог точките кои се за додавање на дневниот ред на 4. Седница на Советот на Општина Карпош.

**ТОЧКА 1 Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош – Скопје како 9 точка на предложениот дневен ред.**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е додадена во дневниот ред како точка 9.**

**ТОЧКА 2 Предлог - Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за животна средина и просторно планирање за потребите на**

**ООУ „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош Скопје како 10 точка на предложениот дневен ред**

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е дододена во дневниот ред како точка 10.**

Членот на Советот Славко Митевски по земен збор предложи додавање на точка на дневниот ред Советнички прашања.

Претседателот го стави предлогот на гласање за додавање на днвниот ред. Советнички прашања како точка 11 на предложениот дневен ред.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 26 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е дододена во дневниот ред точка 11 Советнички прашања**

Членот на советот Добрила Андоновска предложи две точки на дневниот ред но за истите беше одговорено од страна на стручните служби дека материјалите се обработуваат за тие точки и истите ќе се најдат на следната седница на Советот на Општина Карпош.

Членот на Советот Горан Михајлов по земен збор даде предлог 3 точки за додавање но за истите во разговор со службите и договор со претседателот на советот истите да се разгледаат и изработат детално и како такви да се предложат и вметнат во програмите со цел истите да се реализираат. По овој договор членот на Советот ги повлече предложените точки и предложи трите точки да бидат ставени на следната седница во било која форма и Советот да се произнесе по истите.

Претседателот на Советот помина на гласање на измететиот дневен ред за 4 седница.

**Дневен ред**

- **Усвојување записник од 1. (конститутивна) седница**
- **Усвојување записник од 2. (вонредна) седница**

1. **Одлука за продолжување на суспензија на одредени делови од Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул.**

Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје

2. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година
3. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година
4. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година
5. Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Владо Тасевски", Општина Карпош Скопје
6. Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински", Општина Карпош Скопје
7. Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје
8. Одлука за поништување на Одлуката за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој" на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување"
9. Службена белешка за неусвојување на Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски" Општина Карпош - Скопје
10. Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за животна средина и просторно планирање за потребите на ООУ „Димо Хаџи Димов", Општина Карпош Скопје
11. Советнички прашања

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен изменетиот дневен ред на 4. седница на Советот на Општина Карпош.**

Пред да помине на разгледување на точките Претседателот на Советот предложи да се разгледаат и гласаат записниците кои се предложени на дневниот ред.

Претседателот отвори расправа по записникот од 1. (конститутивна) седница .

Бидејќи никој не се јави зазбор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 1. (конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 1. (конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош.**

Претседателот отвори расправа по записникот од 2. (вонредна) седница .

Бидејќи никој не се јави зазбор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање го стави записникот од 2. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.

**Констатирано беше дека по извршеното гласање, со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, е усвоен записникот од 2. (вонредна) седница на Советот на Општина Карпош.**

Преседателот отвори расправа по точките од дневниот ред.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Вера Бужаровска во својство на претседател на Комисијата за прописи која посочи дека била одржана на 01.12.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите

**ТОЧКА 1 – Предлог - Одлука за продолжување на суспензија на одредени делови од Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Владимир Бислимовски во својство на претседател на Комисијата за урбанистичко планирање да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои ги разгледувала.

Зема збор членот на Советот Владимир Бислимовски во својство на претседател на Комисијата за урбанистичко планирање која посочи дека била одржана на 01.12.2025 година, извести интегрално за сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Членот на Советот Добрила Андоновска по земен збор ги повика службите да дадат образложување по предложената точка.

Раководителот на сектор за урбанизам Благица Блажевска даде детално образложение по однос на материјалите и предвидената постапка која следи, а е дел од донесувањето на оваа одлука.

Се разви дискусија по однос на оваа точка меѓу советниците Славко Митевски, Адријана Јакимовска Панчевска и Татјана Стојановска во однос на законските рокови за продолжување но и за тоа што следи по самото продолжување односно отпочнување постапка за преуредување на спорните парцели кои се наоѓаат во самиот ДУП.

По плодна расправа се донесе закчучок дека мора **итно** да се реагира по однос на ситуацијата со овој проблем со кој се соочуваат и истиот да биде решен.

Бидејќи никој не се јави зазбор, Претседателот ја затвори расправата и на гласање ја стави предложената точка.

**По спроведеното гласање со 27 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за продолжување на суспензија на одредени делови од Детален урбанистички план за Градска четврт З 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош - Скопје**

**ТОЧКА 2 Предлог -Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања на Советот на Општина Карпош која посочи дека била одржана на 01.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош за формирање на Комисијата за доделување на еднократна парична помош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

**ТОЧКА 3. Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисија за доделување на финансиска поддршка на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2025 година**

**ТОЧКА 4. Предлог - Решение за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 21 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и 5 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, е усвоено Решението за изменување и дополнување на Решението за именување-верификација на членови од редот на Советот на Општина Карпош во Комисијата за активности на Општина Карпош од областа на образованието за 2025 година.**

**ТОЧКА 5. Предлог - Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Владо Тасевски“, Општина Карпош Скопје**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Елена Домика во својство на претседател на Комисијата за јавни дејности на Советот на Општина Карпош која посочи дека

била одржана на 01.12.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој да го извести Советот за ставот на комисијата по точките кои се разгледувале.

Зема збор членот на Советот Адријана Јакимовска Панчевска во својство на претседател на Комисијата за финансии и локален економски развој која посочи дека била одржана на 01.12.2025 година, извести интегрално по сите точки кои се разгледувале и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истите.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

По земен збор членот на советот Славко Митевски постави прашање во однос на материјалите, а тоа е конкретно која е вкупната сума која се однесува на стварите кои се предмет на разгледување?

Од страна на службите беше детално објаснето и образложено по однос на тоа околку смата сума како се одредува и во која фаза на самата постапка се јавува истата, а тоа е самиот договор кој се потпишува помеѓу самите институции.

Со свое мислење по точката се произнесоа и советничките Адрјана Јакимовска Панчевска и Благица Цветановска.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Владо Тасевски“, Општина Карпош Скопје**

**ТОЧКА 6. Предлог -Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија -**

**Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински", Општина Карпош Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за образование и наука за потребите на ООУ „Војдан Чернодрински", Општина Карпош Скопје**

ТОЧКА 7. **Предлог - Одлука за прифаќање донација од Трговско друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

Претседателот на Советот го повика членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи да го извести Советот за ставот на комисијата по точката која се разгледувала.

Зема збор членот на Советот Димитар Георгиевски во својство на претседател на Комисијата за комунални работи на Советот на Општина Карпош кој посочи дека била одржана на 24.11.2025 година, извести за точката која се разгледувала и му предложува на Советот да расправа и одлучува по истата.

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Членот на Советот Татјана Стојановска постави прашање во однос на точката дали истиот давател на донацијата учествува и во реализација на проектот.

Од службите се даде детално образложение по материјалите од точката.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 25 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање донација од**

**Трговско друштво за проектирање, инженеринг и консалтинг ПРИМА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје**

**ТОЧКА 8. Предлог - Одлука за поништување на Одлуката за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Претседателот побара од службите објаснување по точката.

Од страна на службите беше детално образложено по материјалите за точката и самото пристигнато известување од страна на УНДП.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 23 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека е усвоена Одлуката за поништување на Одлуката за давање согласност за учество на Општина Карпош во проектот „Општините како двигатели за одржливиот развој“ на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), за проектот „Зголемување на безбедноста на граѓаните од катастрофи преку зајакнување на капацитетите на Просторните единици за заштита и спасување“**

**ТОЧКА 9 Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош - Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

По земен збор на членот на советот Добрила Андоновска посочи дека не е запазена постапката во однос на избор на член.Андоновска посочи дека

предлогот прво мора да се предложи на комисија да се разгледа неговата биографија како и на повеќе пријавени кандидати од страна на сите советнички групи и потоа истите да се предложат на расправа и одлучување при Советот.

Од страна на службите се даде објаснување по однос на прашањата поставени од советничката во однос на точката која се разгледува.

Членот на советот Андоновска предложи да се гласа за точката воздржано и истата по сите поминати предвидени процедури да се најде како точка на следната седница на Советот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со ЗА нема, ПРОТИВ нема и 24 гласа ВОЗДРЖАНИ, констатирано е дека, не е усвоено Предлог-Решението за изменување и дополнување на Решението за именување член во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош - Скопје**

**ТОЧКА 10. Предлог - Одлука за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за животна средина и просторно планирање за потребите на ООУ „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош Скопје**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, претседателот го затвори претресот и предлог точката ја стави на гласање.

**По спроведеното гласање со 24 гласови ЗА, ПРОТИВ нема и ВОЗДРЖАНИ нема, констатирано е дека, е усвоена Одлуката за прифаќање движни ствари на трајно користење без надомест од Влада на Република Северна Македонија - Министерство за животна средина и просторно планирање за потребите на ООУ „Димо Хаџи Димов“, Општина Карпош Скопје**

**ТОЧКА 11. Советнички прашања**

Претседателот отвори расправа по предложената точка.

Членот на советот Славко Митевски постави 2 советнички прашање во однос на:
1.Обезбедување на простории за отворање на дневен центар за лица со посебни потреби и за кои самите има одлука донесена на Совет.Доколку ништо не е превземено во однос на донесената одлука се бара предвидените средства да се префрлат во буџетот за следната година.

2.Во однос на иницирање сообракајно решение до надлежна институција спојување на  булевар 8-ми Сптември и булевар Теодојиј Гологанов за пренаменување на коловозна лента која носи ознака само за право движење да се измени и за параво и за движење во лево.

Градоначалникот Лукровски се произнесе со свој став и информации по прашањата на советникот.

Советничката Татјана Стојановска ги постави следните прашања:

-Кога ќе се реализира кастрење на гранките во Жданец?

-Собирање лисја, не се подигнати скоро една година од ЈП Паркови и зеленило, но и од општина Карпош не се собираат навремено, како покрај улиците, така и во блоковско зеленило. Така оставени на купчиња прават мали депонии или ги уништуваат пешачките патеки кога трулат.

- Дали има можност за мониторинг на бучавата од локалите во Лептокарија, конкретно на Никола Русински, се тресат прозори од бучава.

-Дали Сити мол има потреба од посебна дозвола за концерти, забави на последниот спрат од гаражата, музиката е прегласна, а околните станари само добиваат известување, а имаат проблеми со звучно загадување.

-Паркирање од двете страни на Никола Русински, се заглавуваат брза помош, камиони за достава. Ова се случува и на други улици. Да се означат паркинг местата и вработените од комунална да пријавуваат во МВР.

- Голем број на одобренија за градење во Горно Нерези, дали предвидуваат санитарен чвор, од голем број на објекти канализацијата тече низ Водно, има голема галама од ресторани и други објекти. Да се провери дали сите работат со соодветни дозволи, да се провери канализацијата, бучавата.

- Дали може да се постават улично огледало и лежечки полицаец на рачвата кај што се спојуваат новоасфалтираната улица во Бардовци, после црквата и гробиштата, во правец на новата населба, и последниот дел од ул. 4? Вака е многу непрегледно и небезбедно и за колите и за пешаците. Особено што сега и многу брзо се вози по таа улица.

-Исто за Бардовци - Има ли надлежна служба која е задолжена да им укаже на фирмите што градат, или да ги казни доколку не си го менаџираат отпадот соодветно, а не да прават депонии наоколу. И онака, целиот тој дел од ридот после црквата, е постојано загаден од неконтролирано фрлање шут и нередовно собирање смет од домаќинствата...сега дополнително, и од градежниве фирми.

-Тргање на комуналните камиони од ОУ Братство.

- Список на легализирани дивоградби што го поставив како советничко барање, не добив одговор.

-Во Бардовци на повеќе места се собира смет, а не се пријавени, односно не им се наплаќа. Како да се додат во систем овие корисници на ЈП комунална, зошто сами не се пријавуваат?

-На влезот на улицата Скупи 4 во Злокуќани (зад објектите на Месната Заедница) забележана е градежна механизација и како се израмнува самиот плац. Одговор во врска со планот за градба на тој плац.

-Има голем проблем со достава на кучиња, исфрлање во општина Карпош од други области. Дали може да се воспостави комуникација со МВР, сејф сити камерите да се користи за утврдување на лицата кои исфрлаат кучиња во Карпош?

Градоначалникот Лукровски се произнесе со свој став и информации по дел прашањата на советничката.
Советникот Давор Грче ги постави следните прашања:

-Проблем со несовесно паркирање на ул.Никола Русински и ул.Карпошово Востание дали е можно иницирање на решение на проблемот.
-Проблем на ул.Вангел Динев во влае во однос на узурпирање на простор кој го користат 2 големи маркети кои на истиот имаат поставено незакоски објекти но и се движат големи камиони за дотур на роба на простор каде што не е прдвиден за движење на возила.

-Пробле со исушени дрва кои се во голем број а треба да се исечат за да не направат проблем.

Советничката Добрила Андоновска ги постави следните прашања :

-До каде е рекуструкцијата на градинката Мајски Цвет односно кога истата би била пуштена во употреба бидејќи има доста запишани дечиња кои треба да се згрижат во истата.
-Дали по повод 3 ти декмври лицата со попреченост освен што ќе добијат парична помош од Општината би се организирал некаков вид на настан за истите .
-Дали новиот градоначалник после нова година ке овозможи денови за прием на граѓаните кои имаат потреба да се сретнат со него.

Градоначалникот Лукровски се произнесе со свој став и информации по прашањата на советничката.

Советникот Александар Петровски ги постави следните прашања :

-Прашање до испекција во однос на хаварисани возила кој подолг временски период се наоѓаат на улица Нерешка дали се има план да се постапи по нивно подигање и одстранување.
-Прашање за улица која се наоѓа како крак од Теодосиј Синаитски во населено место Жданец дали е во план на истата да биде поставен асфалт.
-Прашање во однос на извадени бекатон плочки кои мометално се наоѓаат во средно нерези и се планирани да бидат поставени на неасвалтирана улица во тоа населено место истите ќе се постават.

Советничката Татјана Чакулев ги постави следните прашања :

-Голем број на жители се жалат за уличното осветлување, дека е многу темно, не работи редовно.

-Што се случува со дронот, дали го користи инспекцијата?

-Одговор на доставеното барање од жителите на Бардовци за приватната мрежа за водовод која бараат општината да ја преземе, а потоа да ја предаде на ЈП Водовод и канализација, како во случајот со општина Бутел. Кој е ставот на општината и како ќе постапи.

Градоначалникот Лукровски се произнесе со свој став и информации по прашањата на советничката.

Советникот Горан Михајлов ги постави следните прашања :

-Да се иницира до надлежни институции измена на сообраќајниот режим кој се однесува на населено место Карпош 4 односно поедини сервисни улици кои се еднонасочни да им се смени насоката во движењето.

- Да се иницира до надлежни институции измена на местоположбата на пешачките премини односно истите да не бидат на раскрсниците и самите кривини истите да се одвојат и да се стават барем 50 метри подалеку со цел поголема безбедност на пешаците.

Советникот Владимир Бислимовски ги постави следните прашања :

-Техничко прашање зашто седниците на советот се закажуваат толку доцнаодносно 14 часот а не како што беше пракса а тоа од 9 или 10 часот наутро кога и службите се тука доколку се има потреба истите да се викнат и да образложат по точките.

Претседателот Христо Саракинов се произнесе со свој став и информации по прашањата на советникот.

Советничката Вера Бужаровска ги постави следните прашања :

-Граѓаните од населбата Влае прашуваат дали се има план за изградба на катна гаража во тој дел со цел решавање на проблемот со паркирање.
-Дали Општината има во план на реконструкција на полочникот во самиот комплекс Порта Влае кој дотраен и дотраена е и самата изолација кој прави проблеми на самите граѓани во однос на вода и влага.

Градоначалникот Лукровски се произнесе со свој став и информации по прашањата на советничката.

Советникот Дарко Ристовски ги постави следните прашања :

-Се надоврза на прашањата на совтникот Славко апро по иницијатива за тоа дека на повеќе раскрсници на територија на Општина Карпош треба се

интервенира со промена на правец на движење на коловозните ленти со цел намалување на сообраќајниот метеж.

Советникот Љупчо Трипуновски ги постави следните прашања :

-Проблем со надворешна електрична инсталција која е се допира до самта ограда на детското игралиште итата да се одстрани и соодветно спроведе.
-Пробле со метлното столбче каде што се вклучуваат рефлекторите на самото игралиште соодветно да се заштити.

По исцрпување на точките од дневниот ред, Претседателот на Советот ја затвори 4. седница на Советот на Општина Карпош која заврши во 17:30 часот.

Изработил: Томче Панчевски

**Број: 09-763/4**
**Датум: 06.02.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА**
**Христо Саракинов**